**- Градоначалникот на Општина Кратово,**
**- г-дин Мите Андоновски;**
**- Сојуз на борци – Кратово;**
**- Организацијата на резервни офицери на РМ;**
**- Општинската организација на резервни офицери на РМ – општинска организациона единица – Кратово;**

Ве поканувaат на

***Свечено одбележување на <u>6 - ти септември</u> - 70 години од ослободувањето на Кратово а воедно и одбележување на 70 години од ослободувањето на РМ и 70 години од АСНОМ***

Настанот ќе се одржи на **06.09.2014 (сабота)** започнувајќи од **11.00 часот со положување на цвеќе пред <u>Спомен - Костурницата во Кратово</u>** и останатите спомен – обележја на паднатите борци.

**<u>11.45</u> – Отварање на изложба *„Кратово во НОБ"*, Галерија на Музеј на град Кратово;**

**<u>12.00</u> – Отварање на изложба со дела од Детската ликовна колонија „Лазар Софијанов" од Кратово, Галерија на Дом на култура „Лазар Софијанов";**

**<u>12.15</u> – Свечена Академија во Мултимедијален центар (Кино сала)** – каде освен поздравните говори на Градоначалникот на општина Кратово, Претседателот на Организацијата на резервни офицери на Р.М. и Претседателот на Сојуз на борци на Кратово, ќе следува и доделување на благодарници од страна на Организацијата и доделување на награди за најуспешна творба на конкурсот **„70 години од ослободување".**

По сето ова следува **Културно – уметничка програма** со настап на **КУД „Ефрем Каранов" Кратово** и настап на **Кратовските тамбураши.**

***Поканети се сите граѓани на Кратово достојно да ја прославиме Слободата на Татковината и да им оддадеме чест на оние кои ги положија своите животи за неа.***

***Општина Кратово***
***03.09.2014 год.***